**20171683187**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 15.11.2017 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОНКУРЕНТНОСТ, ИНОВАЦИИ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО ЗА 2017 ГОДИНА

I

Во Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 192/16 и 116/17) во Делот I, став 1 во воведната реченица зборовите: „21.990.000,00 (дваесет и еден милион и деветстотини и деведесет илјади) денари“, се заменуваат со зборовите: „27.990.000,00 (дваесет и седум милиони и деветстотини и деведесет илјади ) денари“ .

Во алинејата 1 зборовите: „ 18.890.000,00 (осумнаесет милиони и осумстотини и деведесет илјади) денари “, се заменуваат со зборовите: „ 24.890.000,00 (дваесет и четири милиони и осумстотини и деведесет илјади) денари“.

II

Во Делот II, точка А, став 1 во воведната реченица зборовите: „18.890.000,00 (осумнаесет милиони и осумстотини и деведесет илјади) денари“, се заменуваат со зборовите: „24.890.000,00 (дваесет и четири милиони и осумстотини и деведесет илјади) денари“.

Во МЕРКАТА 1 износот : „3.010.000,00“ се заменува со износот „3.510.000,00“.

Во точката 1.1. во ставот 1 износот : „1.600.000,00“ се заменува со износот „2.100.000,00“.

Во МЕРКАТА 1 –а износот: „6.900.000,00“ се заменува со износот: „11.900.000,00“.

Во МЕРКАТА 6 износот: „3.000.000,00“ се заменува со износот: „3.500.000,00“.

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-7079/1
15 ноември 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.